РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3897/2
29-06-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител, на 49-а седница, на продолжението на седницата одржана на ден 08 Јуни 2021 година, донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 3897/1 од 12.11.2020 година, доставена од непознат подносител,СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3897 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3897/1 од 12.11.2020 година, бидејќи за исти наводи Државната комисија има донесено одлука број 12- 535/2 од 08 јануари 2021 година.

Предметот со број 12-3897 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3897 од 2020 година е оформен врз основа на пријава со сомнежи за корупција, бр. 12- 342/1 од 20.01.2020 година, од непознат подносител кој не доставил податоци за идентификација ниту адреса за контакт и достава на писмена.

Со пријавата подносителот ја известува Државната комисија за спречување на корупцијата за противправни состојби и постапувања од страна на одговорни лица во ---------------------- во постапките за вработување, особено во предизборни периоди во РСМ.

Имено, со пријавата се изнесуваат наводи за неправилно вработување од страна на -----------------, на начин што се реализираат вработувања на работници со образование кое е несоодветно за дејноста на ---------------------------, спротивно на Законот за работни односи и на актот за систематизација на ------------------------------------. При тоа, подносителот само наговестува влијание на одредени политички партии при вработувањата и прием на лица со стручна подготовка несоодветна за -----------------, меѓутоа не упатува на конкретни огласи и постапки за вработување ниту на периодот во кој се извршени вработувањата.

Преку административни проверки во предметниот регистар и архивата на Државната комисија, по однос на овој пријавен случај Државната комисија констатира дека за истата фактичка состојба, односно за истиот субјект - -------------------------------------, веќе одлучуваше во предметот со број 12-5535 од 2019 година и на 45-а седница одржана на ден 30 декември 2020 година донесеОдлука број 12- 535/2 од 08 јануари 2021 година.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека предметната пријава - не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 08 Јуни 2021 година**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: К.Н. Член на ДКСК

Доставено до
-Архива